**20141795560**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 28 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/13), член 7 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13 и 177/14), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13 и 151/14), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13 и 188/13 ) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10 и 23/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.12.2014 гоидна, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2014 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/14, 19/14 и 174/14) во делот I став 1 во табелата во мерка 1 износот „2.057.580.260,00“ се заменува со износот „2.011.580.260,00“.

По мерката 6 се додава нова мерка 6-а која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 6-а. | Дополнителна помош за продаден-неплатен тутун во период од 15 декември 2013 година до 15 март 2014 година | 46.000.000,00 |

II

Во делот II износот „2.057.580.260,00“ се заменува со износот „2.011.580.260,00“.

III

По делот VII се додава нов дел VII–а кој гласи:

„Средствата од дел I мерка 6-а од оваа програма во износ од 46.000.000,00 денари ќе се исплатат за дополнителна помош за продаден-неплатен тутун согласно Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата за продаден тутун („Службен весник на Република Македонија “ бр.178/14).

IV

Во делот X по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Корисници на дополнителната помош од дел I мерка 6-а од оваа програма се производители на тутун кои го продале тутунот во период од 15 декември 2013 година до 15 март 2014 година.“

V

Во делот XII во табелата во колоната „број на мерка“ по бројот „6“ се додаваат зборовите „и 6-а“.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-10606/1
12 декември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.